# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

**Службен весник на РМ, бр. 89 од 18.07.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" број 66/2004), насловот на Главата XII „Казнени одредби" се менува и гласи: „Прекршочни одредби".

**Член 2**

Во членот 52 став (1) зборовите: „Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое:".

Во ставот (2) зборовите: „Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршокот од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице" .

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

"(3) За прекршокот од ставот (1) точка 5 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети кои се стекнати со извршување на прекршокот."

**Член 3**

По членот 52 се додаваат два нови поднаслови и два нови члена 52 -а и 52-б, кои гласат:

**„Прекршочен орган**

**Член 52-а**

(1) За прекршоците утврдени во членот 52 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на културата, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.

(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:

- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во свој ата област и
- еден член со висока стручна подготовка од областа на општествените науки со пет години работно искуство од својата област.

(5) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.
(6) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник.
(7) Прекршочната комисија за Прекршочниот орган одлучува за прекршоците утврдени со овој и со друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.
(8) Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата може да определи секратар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.
(9) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.
(10) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

**Порамнување**

**Член 52-б**

(1) За прекршоците во членот 52 на овој закон, инспекторите за култура се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.
(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, инспекторот за култура составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.
(3) Во записникот се определува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.
(4) Инспекторот за култура може во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му даде платен налог.
(5) Доколку сторителот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише. Примањето на платниот налог за сторителот на прекршокот се забележува во записникот.
(6) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.
(7) Изјавата од ставот (6) на овој член се забележува во записникот.
(8) Инспекторите за култура се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".